04.07.2024

Врз основа на член 3 од Договорот за студирање на Факултетот кои го имаат потпишано сите студенти на Факултетот а согласно на Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Унив. гласник 689/2024), донесен е следниов

ЦЕНОВНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ ПЛАЌААТ СТУДЕНТИТЕ ЗА ОБРАЗОВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО – СКОПЈЕ (поедноставена верзија)

Член 1

Цената на еден ЕКТС-кредит се определува во зависност од износот на партиципацијата или школарината (државна квота/кофинансирање/ самофинасирање) за еден семестар и се добива кога износот на партиципацијата или школарината ќе се подели со 30 ЕКТС-кредити. Износот се дефинира согласно првиот договор потпишан од страна на студентот, односно активниот договор на студентот.

Член 2

На студентите запишани на Факултетот, ФИНКИ им наплатува надоместоци за извршени услуги поврзани со напредување на студентот, т.е. запишување/заверка на семестар, презапишување предмети, полагање на испитите, промена на студиска програма:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Промена на статус од редовен во вонреден студент или обратно | 1.000,00 ден. | Нема вонредни студии на ФИНКИ |
| 2 | Запишување на семестар со задоцнувања (од 24.09 до 01.11 за зимски, односно од 10.02 до 15.03 за летен). Барањата надвор од рокот нема да се разгледуваат. | 1.500,00 ден. | Семестар не се запишува надвор од регуларниот рок и рокот со казна. Сите што доцнат, семестар запишуваат во наредниот рок, ретроградно. **Се поднесува барање за документ за „Запишување на семестар по истек на рок“ без дополнителен коментар преку iKnow**. |
| 3 | Административно регулирање на семестар по активирање на студиите | 1.000,00 ден. | Постапка која важи само во случај на регулирање на статусот на студентот ретроактивно. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Се поднесува барање за документ за „ Административно регулирање на ретроактивен семестар“ наведување на семестарот во коментар (пр. 2023/24 летен) преку iKnow. За секој изминат и незапишан семестар, треба да се побара посебен документ.** |
| 4 | Административно запишување семестар<br>-без предмети<br>-без предмети со пријавена дипломска работа во друг семестар | 1.000,00 ден. | **Уписот се врши регуларно со барање на упис на семестар без предмети.** |
| 5 | Презапишување предмет (член 59 од Правилник за студирање УКИМ) | | Износ на ЕКТС-кредит. **Се прави регуларно при упис на семестар.** |
| 6 | Запишување предмети во семестар | Запишување на предмети со минимум 21 ЕКТС максимум 35 ЕКТС. | Износ на ЕКТС-кредити кои се запишуваат.<br>Член 34 од Правилник за студирање „Студентите минимум запишуваат 21, а максимум 35 ЕКТС кредити.“<br>Доколку нема доволно предмети за упис се упишуваат само дозволените, иако може да се со помалку од 21 кредит.<br>**Се прави регуларно при упис на семестар.** |
| 7 | Промена на изборен предмет (во првите **2 недели од почетокот семестарот** кога го запишал) | 1.500,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Промена на изборен предмет“ со наведување на коментар за кој предмет со кој се менува (пр.Веб Програмирање со** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Вовед во науката за податоци) преку iKnow.**<br>За секој предмет кој се менува се бара посебен документ. |
| 8 | Задоцнето пријавување на испит | 1.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Задоцнето пријавување на испит“ со наведување на коментар за предмет за кој се бара задоцнета пријава (пр. Веб Програмирање) преку iKnow.**<br>За секој предмет кој се пријавува подоцна се бара посебен документ. |
| 9 | Комисиско полагање на испит (член од Правилник за студирање УКИМ) | 2.000,00 ден. | Со молба до архивата на факултетот. |
| 10 | Поништување/повторување на испит (член 60 од Правилник за студирање УКИМ) | 2.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Поништување на испит“ со наведување на коментар за предмет за кој се бара поништување на оцената (пр. Веб Програмирање) преку iKnow.**<br>За секој предмет кој се бара поништување се бара посебен документ. Поништувањето е дозволено максимум 4 месеци од датумот испитот. |
| 11 | Промена на студиска програма на понова акредитација на единицата на Универзитетот | 3.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Промена на студиска програма од понова акредитација“ со наведување на коментар за** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **програмата и акредитацијата на која се бара промената (пр. ПИТ23) преку iKnow.**<br><br>+Дополнителен надоместок по предмет согласно ставка 13 од овој ценовник. Оваа сума ја задолжува студентска служба по изработка на еквиваленцијата и треба да се плати пред упис на следниот семестар. |
| 12 | Премин од една на друга студиска програма на единицата на Универзитетот (исти факултет) | 2.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Промена на студиска програма од иста акредитација“ со наведување на коментар за програмата и акредитацијата на која се бара промената (пр. ПИТ18) преку iKnow.**<br>+Дополнителен надоместок по предмет согласно ставка 13 од овој ценовник. |
| 13 | Признавање (по дозволен премин од ставките 11, 12 и 14) на положени испити на:<br>- друг универзитет од странство<br>- друг универзитет од земјата<br>- единицата или друга единица на ист Универзитет | <br><br>400 ден.<br>300 ден.<br>200 ден. | Цената е по предмет. Оваа сума ја задолжува студентска служба по изработка на еквиваленцијата. Студентска служба креира документ за **„Признавање на положени испити“** и студентот треба да го плати долгот од документот пред упис на семестарот. |
| 14 | Премин од една на друга студиска програма на друга единица на Универзитетот (друг Факултет на УКИМ) | 3.000,00 ден. | **Се поднесува молба до архивата на факултетот.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | +Дополнителен надоместок по предмет согласно ставка 13 од овој ценовник. |
| 15 | Промена на предмет поради задоцнето внесување на оцена | 0 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Промена на положен предмет“ со наведување на коментар за кој положен предмет со кој се менува (пр.Веб Програмирање со Вовед во науката за податоци) преку iKnow.** За секој предмет кој се менува се бара посебен документ. |

Член 4

На студентите запишани на факултетот, ФИНКИ им наплатува надоместоци за извршени услуги поврзани со други права на студентите:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Мирување на студиите | 2.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „ Мирување на студиите“ без дополнителен коментар преку iKnow.** Според правилникот за студирање, дозволено е максимум 1 година мирување на студиите. |
| 2 | Продолжување на прекинатите студиите поради мирување | 2.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Продолжување на студии во мирување“ без дополнителен коментар преку iKnow.** |
| 3 | Барање за испишување | 3.000,00 ден. | **Се поднесува молба на студентска служба со потврда за уплата на сумата.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Потребно е да се регулирани сите претходни трошоци. |
| 4 | Продолжување рок за дипломска работа | 6 ЕКТС | Стандардно запишување на семестар со дипломската работа како единствен предмет. Се плаќаат сите административи такси за упис на семестарот со само еден предмет. |
| 5 | Промена на тема на дипломска или семинарска работа | 1.000,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Откажување на пријавена тема за дипломска работа“ без коментар преку iKnow.** Студентска служба ја откажува темата и студентот подоцна може да пријави нова. |
| 6 | Запишување/одбрана на дипломска работа | 6 ЕКТС | Број на ЕКТС-кредити. |

Член 5

На студентите запишани на Факултетот, ФИНКИ им наплатува и надоместоци поврзани со издавање документи, и тоа за:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Индекс | Се купува во книжара / УКИМ | Цената ја утврдува УКИМ. |
| 2 | Издавање дупликат на индекс | 1.500,00 ден. | Се поднесува молба на шалтерот на студентска служба, со доставување на потврда за уплатата, нов пополнет индекс и потврда за одјавата на стариот индекс во службен весник. Цената ја утврдува УКИМ. |
| 3 | Издавање индекс-продолжение | 300 ден | Се поднесува молба на шалтерот на студентска служба, со доставување на потврда за уплатата, нов пополнет индекс. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите | 200 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Уверение за положени испити“ без коментар преку iKnow.** |
| 5 | Издавање уверение за положени испити кога студентот ќе дипломира | 1.000,00 ден. | Не се издава одделно. |
| 6 | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите на англиски јазик | 500 ден. | Не се издава. |
| 7 | Издавање уверение за положени испити на англиски јазик кога студентот ќе дипломира (кога студиската програма е на англиски јазик) | 1.500,00 ден. | Не се издава. |
| 8 | Издавање уверение за положени испити на англиски јазик кога студентот ќе дипломира (кога студиската програма е на македонски јазик) | 1.500,00 ден. | Не се издава. |
| 9 | Издавање диплома за прв/втор циклус студии | 3.900,00 ден | Не се издава одделно. |
| 10 | Издавање диплома за прв/втор циклус на студии на англиски јазик (кога студиската програма е на англиски јазик) | 10.400,00 ден | Не се издава. |
| 11 | Издавање диплома по итна постапка за прв/втор циклус студии | 6.500,00 ден. | Се поднесува молба и потврда за уплата на сметката на ФИНКИ на студентска служба |
| 12 | Издавање диплома по итна постапка за трет циклус студии | 13.000,00 ден. | Се поднесува молба и потврда за уплата на сметката на ФИНКИ на студентска служба |
| 13 | Издавање дупликат диплома за прв/втор циклус студии | 3.250,00 ден. | Се поднесува молба и потврда за уплата на сметката на ФИНКИ на студентска служба |
| 14 | Издавање додаток на диплома за прв/втор циклус студии | 1.300,00 ден. | Не се издава одделно. |
| 15 | Издавање хартиени потврди за статус на студент/специјализант | 100 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Барање за потврда за редовен студент (хартиена)“ без коментар преку iKnow.** |
| 16 | Издавање потврди по разни основи (во зависност од податоците кои се бараат) | 1.500,00 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Издавање потврди по разни основи“ со коментар со опис за потребата преку iKnow.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | Издавање дупликат додаток на диплома на англиски јазик | 1.300,00 ден | Не се издава. |
| 18 | Заверен препис на студиските програми:<br>- на македонски јазик<br>- на англиски јазик<br>- на јазиците на припадниците на заедниците на кои се изведува наставата | 3.000,00 ден.<br>6.000,00 ден.<br>3.000,00 ден. | Не се издава. |
| 19 | Издавање електронска картичка | / | Не се издава. |
| 20 | Промена на лично име во документ (по документ) | 100 ден. | Се поднесува барање во студентска служба со прилог на документите со промените податоци и потврда за уплатата. |
| 21 | Издавање решение по поднесена молба од студенти | 100 ден. | Не се издава. |
| 22 | Издавање посебно уверение за полаган странски јазик ако студентот го положил во рамките на студиската програма | 300 ден. | Не се издава. |
| 23 | ИКСССА (информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитет/годишно) | 750 ден. | Средствата се уплаќаат на наменска сметка од УКИМ за ИКСССА преку Iknow |
| 24 | Е-УКИМ -(Користење на електронски услуги од УКИМ- формулари, пријави, уписни и листови за заверка на семестар) секој семестар.<br>(се плаќа во секој семестар) | 350 ден. | Средствата се уплаќаат на наменска сметка од УКИМ Е-УКИМ,преку Iknow или вирмански (вклучува електронско запишување, заверување на семестар и 5 електронски пријави. Обрасците се креираат електронски а ги печати и дистрибуира студентска служба на потребните места и досието ан студентот (се плаќа во секој семестар) |
| 25 | Дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот.<br>(се плаќа во секој семестар) | 1000,00 ден. | Трошоци согласно член 8 од АНЕКС на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br><br>Семестрална наплата на трошоци поврзани со тековно работење согласно спецификите во реализација на студиските програми на Факултетот. За старите студенти ги вклучува трошоците административни трошоци и др. Од зимски семестар и лабораториски трошоци од зимски семестар. |
| 26 | Издавање електронски потврди за статус на студент/специјализант | 0 ден. | **Се поднесува барање за документ за „Барање за потврда за редовен студент (електронска)“ без коментар преку iKnow.** |
| 27 | Пакет на документи за дипломирање | **6200 ден.**<br><br>Сума од ставките 5, 9 и 14 од оваа табела | **Се поднесува барање за документ за „Пакет за дипломирање“ без коментар преку iKnow.** |

Член 6

На студентите од втор и трет циклус студии Факултетот, ФИНКИ им наплатуваат исти надоместоци како на студентите на прв циклус студии, освен следниве надоместоци:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Барање за продолжување рок за одбрана на магистерски труд | 6.000,00 ден. | Се поднесува барањето до архивата на факултетот. Има право за продолжување од максимум 1 година. |
| 2 | Повторно пријавување на магистерски труд поради истечен рок | | По истекот на рокот, повторно пријавува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | тема и ги плаќа ЕКТС-кредитите. |
| 3 | Промена на тема или ментор на магистерска теза | 2.000,00 ден. | Се поднесува барањето до архивата на факултетот. |
| 4 | Барање за продолжување рок за одбрана на докторски труд | 12.000,00 ден. | Се поднесува барањето до архивата на факултетот. |
| 5 | Промена на тема по барање на студентот | 12.000,00 ден. | Се поднесува барањето до архивата на факултетот. |
| 6 | Промена на тема или ментор на докторска дисертација | 12.000,00 ден. | Се поднесува барањето до архивата на факултетот. |

Член 7

Овој ценовник преставува единствен текст кои ги содржи сите ценовници кои ги наплаќа Факултетот кон студентите, и тоа Ценовник на Факултетот кој важи за студентите запишани пред учебната 2024/25, Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Унив. гласник 689/2024) и Одлука за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Член 7

Овој ценовник се користи од учебната 2024/25 година и ги опфаќа сите студенти кои моментално студираат на факултетот и останува на сила до донесување на нов.

Овој правилник ги става вон употреба Одлука за усогласување и дополнување на ценовниците за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство донесени во период од 22.08.2014 до 21.12.2023 година.

Декан

Проф. д-р Боро Јакимовски